# СЕЗОНСКАТА РАБОТА

## ПЛОДНА ПОЧВА ЗА трудова експлоатација



german cooperation
DEUTSCHE ZUSAMMENARBEIT

Implemented by
giz

MARRI
Migration, Asylum, Refugees Regional Initiative

Национална Комисија за борба против трговија со луѓе и илегална миграција

MYLA

Сезонската работа - плодна почва за трудова експлоатација -Документ за јавни политики
Скопје , ноември 2022 година

Наслов: Сезонската работа - плодна почва за трудова експлоатација
Издавач: Македонско здружение на млади правници
За издавачот: Александра Цветановска, Претседателка
Автор: Весна Дишлијовска
Уредник: Ирена Здравкова

CIP - Каталогизација во публикација
Национална и универзитетска библиотека "Св. Климент Охридски", Скопје

349.2-057.117(497.7)(047.31)
331.5-057.117(497.7)(047.31)
343.431(497.7)(047.31)

ДИШЛИЈОВСКА, Весна
Сезонската работа плодна почва за трудовата експлоатација [Електронски извор] / [автор Весна Дишлијовска]. - Скопје : Македонско здружение на млади правници, 2022

Начин на пристапување (URL):
https://myla.org.mk/wp-content/uploads/2022/11/%D0%94%D0%BE%D0%BA%D1%83%D0%BC%D0%B5%D0%BD%D1%82-%D0%B7%D0%B0-%D1%98%D0%B0%D0%B2%D0%BD%D0%B8-%D0%BF%D0%BE%D0%BB%D0%B8%D1%82%D0%B8%D0%BA%D0%B8-%D0%A1%D0%B5%D0%B7%D0%BE%D0%BD%D1%81%D0%BA%D0%B0%D1%82%D0%B0-%D1%80%D0%B0%D0%B1%D0%BE%D1%82%D0%B0-%D0%BF%D0%BB%D0%BE%D0%B4%D0%BD%D0%B0-%D0%BF%D0%BE%D1%87%D0%B2%D0%B0-%D0%B7%D0%B0-%D1%82%D1%80%D1%83%D0%B4%D0%BE%D0%B2%D0%B0-%D0%B5%D0%BA%D1%81%D0%BF%D0%BB%D0%BE%D0%B0%D1%82%D0%B0%D1%86%D0%B8%D1%98%D0%B0.pdf.
- Текст во PDF формат, содржи 23 стр., граф. прикази. - Наслов преземен од екранот. - Опис на изворот на ден 02.12.2022. - Фусноти кон текстот.
- Финансиер: Регионален проект за превенција и борба против трговијата со луѓе, Превенција од трговија со луѓе кај мигранти и сезонски земјоделски работници

ISBN 978-608-4843-70-2

а) Сезонска работа -- Работнички права -- Македонија -- Истражувања б) Трговија со луѓе -- Принудна работа -- Македонија -- Истражувања

COBISS.MK-ID 58809861

Документот за јавна политика е изработен во рамките на проектот ,, Превенција од трговија со луѓе кај мигранти и сезонски земјоделски работници, поддржан од страна на Регионалниот проект за превенција и борба против трговијата со луѓе ( ПакТ), имплементиран од страна на Германското друштво за интернационална соработка ( ГИЗ) во соработка со Регионалната иницијатива за миграција, азил и бегалци ( МАРРИ)  по налог на Сојузното Министерство за економска соработка и развој ( БМЗ).

Содржината и мислењата изразени во документот за јавна политика се единствена одговорност на авторот и на ниту еден начин не може да се смета дека ги изразува гледиштата и ставовите на ГИЗ и МАРРИ.

## СОДРЖИНА


ЛИСТА НА КРАТЕНКИ ....................................................................................................................4

ВОВЕДНИ ЗАБЕЛЕШКИ...................................................................................................................5

МЕТОДОЛОГИЈА............................................................................................................................6

ИЗВРШНО РЕЗИМЕ ........................................................................................................................7

ПРАВНА РАМКА..............................................................................................................................8

Законот за вработување и осигурување во случај на невработеност (ЗВОВН) ....................... 11

Кривичниот законик (КЗ)............................................................................................................ 13

Законот за меѓународна и привремена заштита (ЗМПЗ) .......................................................... 13

ИНСТИТУЦИОНАЛНА РАМКА .................................................................................................... 14

Државен инспекторат за труд.................................................................................................... 15

Стопанската комора,  синдикатите, земјоделските задруги и невладините организации за борба против трговијата со луѓе ................................................................................................. 17

ПРЕСТОЈУВАЊЕ НА СЕЗОНСКИТЕ РАБОТНИЦИ ВО СУПСТАНДАРДНИ УСЛОВИ ЗА ВРЕМЕ НА ВРШЕЊЕ НА СЕЗОНСКАТА РАБОТА............................................................................................................... 19

ДОБРА РЕГИОНАЛНА ПРАКСА ПРИ АНГАЖИРАЊЕ НА СЕЗОНСКА РАБОТА ............................................ 20

ЗАКЛУЧОЦИ .................................................................................................................................. 21

ПРЕПОРАКИ .................................................................................................................................. 22

## ЛИСТА НА КРАТЕНКИ

**АВРСМ**- Агенција за вработување на Република Северна Македонија

**ДИТ**- Државен инспекторат за труд

**ЕУ-** Европска Унија

**ЗРО-** Закон за работните односи

**ЗВОВН** - Законот за вработување и осигурување во случај на невработеност

**ЗВРС-** Законот за вработување и работа на странци

**ЗИТ**- Закон за инспекција на трудот

**ЗМПЗ**-Законот за меѓународна и привремена заштита

**КЗ**- Кривичен законик

**МТСП-** Министерство за труд и социјална политика

**МВР-** Министерство за внатрешни работи

**МЗМП**- Македонско здружение на млади правници

**НМУ-** Национален механизам за упатување

**ОП**- Оперативен план

**ПЦ-** Прифатен Центар за баратели на азил

**РСМ** – Република Северна Македонија

**ТЦ-** Транзитен Центар

## ВОВЕДНИ ЗАБЕЛЕШКИ

Овој документ  за јавни политики е изготвен во рамките на проектот ,, Превенција од трговија со луѓе кај мигрантите и сезонските земјоделски работници’’ поддржан од страна на Регионалниот проект за превенција и борба против трговијата со луѓе ( ПакТ), имплементиран од страна на Германското друштво за интернационална соработка ( ГИЗ) во соработка со Регионалната иницијатива за миграција, азил и бегалци ( МАРРИ) а по налог на Сојузното Министерство за економска соработка и развој ( БМЗ).

За изработка на документот за јавни политики се спроведени седум инфо сесии при што се опфатија сезонските земјоделски работници, ученици кои повремено се ангажирани за вршење на сезонска работа во рамките на нивните семејства но и регистрирани индивидуални земјоделци во различни градови во државата (Гостивар, Прилеп, Струмица, Неготино, Радовиш, Кавадарци и Ресен). Дополнително, се спроведоа и три инфо сесии со бегалци, мигранти и баратели на азил во Транзитните центри во РСМ(Во Транзитните Центри Табановце и Винојуг и во Прифатниот Центар за баратели на азил во Визбегово). Прибавување на дополнителни информации за изработка на овој документ за јавни политики се изврши и преку поднесување барања за пристап до информации од јавен карактер до Агенцијата за вработување на РСМ и  Државниот инспекторат за труд.

Документот содржи препораки за подобрување на законската и на институционалната рамка која се однесува  на сезонските земјоделски  работници и степенот на почитување на работничките права при нивното ангажирање во ек на берба на земјоделските производи. Отсуството на јасната дефиниција за тоа што се подразбира под терминот ескплоатација доведува до отежнување на повлекување на линијата помеѓу експолоатација во смисла на прекршување на работничките права и екстремна експлоатација која се однесува на присилната работа. Овие препораки ќе придонесат кон подобрување на положбата на сезонските работници и правна регулираност на нивниот сезонски работен ангажман кој за резултат ќе има намалување на степенот на ранливост на сезонските земјоделски работници и намалување на ризиците од трговија со луѓе особено на трудовата експлоатација.

## МЕТОДОЛОГИЈА

Документот има за цел да се утврдат проблемите и потребите со кои се соочуваат сезонските работници. Подобрувањето на положбата и унапредувањето на работничките права на сезонските земјоделски работници ќе го намали потенцијалниот ризик оваа категорија на лица да станат жртви на трудова експлоатација. Понатаму, потребно е да се идентификуваат и проблемите и предизвиците со кои се соочуваат мигрантите, бегалците и барателите на азил, а кои проблеми и предизвици се однесуваат на нивниот ограничен пристап до пазарот на трудот. Преку користените истражувачки методи, се идентификуваше недоволната регулираност на работничките права и обврски за време на вршење на сезонската работа. Врз основа на воочените проблеми, овој документ за јавни политики ќе даде препораки за надминување на воочените проблеми, а ќе се обиде да одговори и на одредени предизвици со кои се соочуваат сезонските земјоделски работници.

Методолошкиот пристап при изработката на документот вклучува примена на повеќе истражувачки методи:

КАНЦЕЛАРИСКО ИСТРАЖУВАЊЕ – преку канцеларискското истражување се анализираше домашното законодавство со кое се регулира положбата на сезонските работници во нашата држава. Исто така се спроведе и истражување(деск анализа) за воочување на добри регионални пракси преку кои се регулира сезонската работа.

БАРАЊА ЗА СЛОБОДЕН ПРИСТАП ДО ИНФОРМАЦИИ ОД ЈАВЕН КАРАКТЕР – користење на алатката за слободен пристап до информациите од јавен карактер, со цел да се приберат релевантни информации.

ИЗВЕШТАИ ОД ОДРЖАНИ ИНФО СЕСИИ СО СЕЗОНСКИ РАБОТНИЦИ- користење на наодите по спроведени инфо сесии со сезонски земјоделски работници

ИЗВЕШТАИ ОД ОДРЖАНИ ИНФО СЕСИИ СО МИГРАНТИ, БЕГАЛЦИ И БАРАТЕЛИ НА АЗИЛ- користење на наодите по спроведени инфо сесии со мигрантите, бегалците и барателите на азил во Транзитните центри Табановце и Винојуг и во Јавната установа Прифатниот Центар за сместување на лица баратели на право на азил- Скопје( во понатамошниот текст ТЦ Табановце, Винојуг и ПЦ за баратели на азил Скопје)

## ИЗВРШНО РЕЗИМЕ

Земјоделството, градежништвото и сточарството претставуваат области/ сектори во нашата државата каде е идентификуван најголем ризик за трудова експлоатација.[1] Работната сила за време на сезонската работа во државата се ангажира со сезонски работници кои мигрираат од еден град во друг град ( внатрешна миграција) , миграција на работна сила од пограничните места  во нашата држава или миграција на наши државјани за вршење на сезонска работа во странство ( надворешна миграција). Сезонските работници во нашата државата во најголем процент се ангажирани во земјоделството имајќи го предвид фактот дека земјоделството преставува една од областите која учествува со еден од поголемите проценти во вкупниот бруто домашен производ според производствениот метод.




Графикон бр. 1 Извор : Државен завод за статистика, бруто домашен производ според производствениот метод за 2019 , 2020[2] и 2021[3]

Земјоделството е високо ризичен сектор за трговија со луѓе со цел трудова експлоатација како резултат на природата на работата, усното склучување на договори за сезонска работа, изолираноста на сезонските работници при вршење на сезонската работа, како и поради ангажирање на мигранти за сезонска работа без почитување на законските прописи кои се однесуваат на издавање на работна дозвола за вршење на сезонска работа на странци. Понатаму, преку овој документ ќе се даде преглед на горенаведените тврдења, преку анализа на правната рамка и праксата на постапување со сезонските работници од страна на работодавците како и релевантните институции надлежни за подобрување на нивната положба.

---

[1] Национална Стратегија за борба против трговијата со луѓе и илегалнатa миграција (2021-2025), Влада на РСМ, Национална Комисија за борба против трговијата со луѓе и илегална миграција, издадена Скопје 2021 година: NACIONALNA-STRATEGIJA-MKD-ALB-ANG-25.10.2021.pdf стр. 17

[2] Соопштение издадено од Државен Завод за статистика, за БДП на РСМ во 2020 година: https://www.stat.gov.mk/pdf/2021/3.1.21.15_mk.pdf

[3] Соопштение издадено од Државен Завод за статистика, за БДП на РСМ во 2021 година:  https://www.stat.gov.mk/pdf/2022/3.1.22.15_mk.pdf

## ПРАВНА РАМКА

Сезонската работа е правно регулирана во рамките на **Законот за работните односи(во понатамошниот текст ЗРО)**[4]. Не постојат посебни видови на договори за сезонска работа туку станува збор за склучување на договори на определено време со цел вршење на сезонска работа која се смета како вид на вработување на определено време со цел извршување на сезонска работа. За ангажирање односно вработување на лице како сезонски работник постојат повеќе специфични карактеристики предвидени во ЗРО кои одат во прилог на олеснување на условите за вработување на сезонските работници односно постоење на опција за директно склучување на договор без објавување на оглас.[5] Сепак, и покрај предвидените олеснувања, мал број на работодавачи во државата пријавиле дека вработуваат сезонски работници.




Графикон бр.2 Извор: Податоци прибавени од Агенцијата за вработување на РСМ[6]

Од доставените податоци од Агенција за вработување на РСМ (во понатамошниот текст: АВРСМ) може да се извлече заклучокот дека во последните три години, постои опаѓачки тренд на пријавување на сезонски работници во областа на земјоделството, шумарството и рибарството, па така од вкупно 113 М1-пријави во АВРСМ за 2020 година, во 2022 година заклучно со 30.09.2022 година бројката е опадната на вкупно 53 пријави што е за 46% помала во однос на 2020 година.

Сезонската работа не е доволно регулирана во ЗРО. Иако во законот постојат неколку одредби што ја олеснуваат можноста за вработување на сезонски работници (вработување без огласување, кратки рокови

[4] Член 47 од Закон за работните односи („Службен весник на Република Македонија“ бр. 62/2005, 106/2008, 161/2008, 114/2009, 130/2009, 149/2009, 50/2010, 52/2010, 124/2010, 47/2011, 11/2012, 39/2012, 13/2013, 25/2013, 170/2013, 187/2013, 113/2014, 20/2015, 33/2015, 72/2015, 129/2015, 27/2016 и 120/2018 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 110/2019, 267/2020, 151/2021 и 288/2021). -Сезонската работа е работа која поради климатските или природните услови не се извршува во текот на целата година, туку во одредени периоди- т.н сезони. Овие периоди не надминуваат повеќе од осум месеци во текот на 12 последователни месеци.

[5] Закон за работни односи-Во случаи кога работодавачот и Агенцијата за вработување на РСМ оценат дека станува збор за итни и неодложни работи кои мора веднаш да се преземат но ангажманот да трае до 30 денови и доколку станува збор за сезонска работа ангажманот да трае до 90 дена.

[6] Информации добиени по поднесено барање за слободен пристап до информации од јавен карактер од Агенцијата за вработување на РСМ од 17.10.2022 година во областа на земјоделството, шумарството и рибарството

за пробна работа и кратки рокови за отказ), отсуствува детално регулирање на правата на сезонските работници преку кои одредби би се зајакнала нивната заштита и воедно би се олеснил нивниот пристап до пазарот на трудот. Преку подобрување на легислативата, сезонските работници би добиле еднаква заштита со останатите работници во другите области и би се поттикнале да склучуваат договори на определено време.

Иако ранливите категории на лица се опфатени со Оперативниот план за активни програми и мерки за вработување и услуги на пазарот на трудот за субвенции[7] ( во натамошниот текст: ОП), сепак вклучувањето на сезонските работници во ОП би довело до целосна примена на законските одредби за вработување на сезонските работници бидејќи индивидуалните земјоделци би имале финансиска помош од државата и ќе отсуствува дополнителниот финансиски издаток кој би го имале земјоделците за ангажирање на сезонски работници а се' во насока на соодветно почитување и постапување согласно ЗРО.

Во Република Северна Македонија ( во понатамошниот текст: РСМ), постои темна бројка на сезонски работници кои својот сезонски ангажман го вршат преку усно склучување на договори за сезонска работа. И покрај олеснетите услови, се негува праксата за плаќање за извршената работа надвор од формалната економија. Сезонската работа се извршува преку усен договор помеѓу сезонските работници и меѓу лицата што ги најмуваат сезонските работници. Усниот договор повлекува правна несигурност и носи низа последици по сезонските работници-сезонскиот работник однапред не знае за колкав обем на работа станува збор, се работат и повеќе часови од она што е првично договорено, сезонските работници немаат право на дневни паузи, може да се случи сезонскиот работник да биде избркан од работата што ја врши на пола работен ден за што нема да биде исплатен за дотогаш сработеното, но се случува и за време на вршење на сезонската работа, работникот да биде пренесен на друго место од страна на лицето кое го најмува и да обавува дополнителна работа за која ниту се платени ниту тоа е претходно договорено.[8] По исклучок на лицата кои работат врз основа на усен договор за сезонска работа, се забележува пракса на склучување договори за дело[9], кои договори се во спротивност со одредбите на Законот за работните односи. Во таков случај, работодавачите се обврзани само за плаќање на персоналниот данок на доход, но не се обврзани за плаќање на придонеси во фондовите за здравствено, социјално, пензиско и инвалидско осигурување.

ЗРО не дозволува лица кои се во редовен работен однос да бидат ангажирани како сезонски работници, бидејќи со моменталната регулираност со склучување на договорот на определено време сезонскиот работник заснова работен однос. Со ваквата законска поставеност се делува ограничувачки, па следствено на тоа сезонските работници се приморани да се одлучат помеѓу работниот однос кој им обезбедува финансиски средства за нивна егзистенција преку целата година или сезонски да работат во месеците кога постои зголемена побарувачка на пазарот на трудот за дополнителна сезонска работа.

---

[7] Оперативен план за активни програми и мерки за вработување и услуги на пазарот на трудот за 2022 година издаден од страна на Агенцијата за вработување на РСМ: https://av.gov.mk/content/pdf/FINALEN%20OP%202022.pdf

[8] Инфо сесија одржана во Радовиш на ден 25.11.2021 година

[9] Член 619 од Законот за облигационите односи („Службен весник на Република Македонија" бр. 18/2001, 4/2002, 5/2003, 84/2008, 81/2009, 161/2009 и 123/2013 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 215/2021).
Со договор за дело вршителот на работата (претприемач, изведувач на работи) се обврзува да изврши определена работа, како што е изработка или поправка на некој предмет или извршување на некоја физичка или интелектуална работа и слично, а нарачувачот се обврзува за тоа да му плати надомест.




Графикон бр.3 Извор : Статистички податоци по години за вкупен број на лица кои не бараар работа според наведената причина од Државен завод за статистика[10]

Вкупната бројка на склучени договори на определено време за вршење на сезонска работа во текот на 2020 изнесувала 1561 сезонски работник, во 2021 година 1785 сезонски работници а во 2022 година изнесувала 973 работници.[11] Споредбено со податоците во Графиконот бр. 3, само за 2020 и 2021 година, разликата од бројката на лицата кои се невработени и не бараат работа поради сезонска работа од бројот на склучени определени договори за вршење на сезонска работа укажува на заклучокот дека постои одредена бројка на сезонски работници кои или не склучуваат договори на определено време за вршење на сезонска работа или вршат сезонска работа во странство.

Праксата за несклучување на договорите за вршење на сезонска работа го зголемува ризикот за сезонските работници кои работат непријавено на земјоделските површини да бидат под ризик од трудова експлоатација како и други видови на експлоатација – принудна работа и искористување на детскиот труд. Често се случува сезонските работници да бидат присилени да вршат и друга работа која не била предмет на договореното, но бидејќи се уште не се платени за изработеното, го работат и она што им се дава како дополнителна работа под страв дека нема да добијат никаков паричен надомест за изработениот ден. Информација за принудување за вршење и на други услуги за време на вршење на земјоделска работа добивме од учесник на инфо сесијата во Гостивар каде што се споделија и туѓи искуства каде што сезонските работници се присилени и на други услуги надвор од она за што се ангажирани како дополнителна работна сила.

[10]Државен завод за статисика, Мак Стат – база на податоци: https://makstat.stat.gov.mk/PXWeb/pxweb/mk/MakStat/MakStat__PazarNaTrud__AktivnoNaselenie__Nevraboteni/061_Lica_NeBaraatRab_MesZiv_Pricini_mk.px/table/tableViewLayout2/?rxid=242719cf-e612-4308-b8a7-378b3a773a43

[11] Податоци прибавени по поставено барање за слободен пристап до информации од јавен карактер до Агенцијата за вработување на Република Северна Македонија, Решение за пристап до информации од јавен карактер од 17.10.2022 година, податоците за 2022 година се однесуваат заклучно со 30.09.2022 година

## *„Ќе ти дадам дневница, но цел ден со мене на трактор ( под трактор) ќе биде”*[12]

**Законот за вработување и осигурување во случај на невработеност (ЗВОВН)** предвидува исплата на паричен надоместок за невработени лица[13] како право од осигурување во случај на невработеност. Правото на паричен надоместок на невработени лица се запира доколку лицето е ангажирано за вршење на сезонска работа, а по престанокот на оваа причина, лицето продолжува да го остварува овој паричен надоместок за преостанатото време за кое на невработеното лице му е признато правото на паричен надоместок – по претходно известување на АВРСМ дека ангажманот престанал. Запирањето на исплатата на паричниот надоместок за време на ангажирање за сезонска работа носи финансиска несигурност на сезонските работници-примателии на овој паричен надоместок поради недоволна информираност на сезонските работници за законските одредби кои го регулираат ова прашање.

Ангажирањето на сезонските работници преку склучување на договори на определено време за извршување на сезонска работа доведува до бришење на ангажираните сезонски работници од евиденцијата на невработени лица што го поставува прашањето за пропуштање на шанса на сезонски работник за редовно вработување преку кое работникот би имал месечен надомест како егзистенцијален приход преку целата година.

И покрај законската обврска за евиденција на невработените лица според нивните квалификации знаења и искуства, сепак АВРСМ не води **посебен регистар на лица кои се вршители на сезонска работа** ниту пак постои регистар во кој би можел било кој работник/ работничка да се регистрира како барател на сезонска работа ( во конкретна област и дејност ), иако во државата постојат сезонски работници кои секоја година ја обавуваат оваа дејност и што им е егзистенцијален извор на приходи во неформалната економија. АВРСМ води единствено регистар за регистрирани пријави во задолжителното социјално осигурување по основ на работен однос на определено време-заради вршење на сезонски работи ( М1-Обрасци), евидентирани во АВРСМ според претежната дејност на работодавачот и времетраење на работниот однос.[14] Постоењето на еден ваков регистар би бил особено корисен особено во периодите кога постои итна потреба од ангажирање на дополнителна работна сила, а во вакви случаи АВРСМ може да се јави како институција која на брз и едноставен начин ќе изврши поврзување на работодавачот кој има потреба од ангажирање на сезонски работник и сезонскиот работник кој е во потрага за вршење на сезонска работа.

АВРСМ може да врши бесплатно посредување при вработување и од територијата на РСМ во земји членки на ЕУ и од територијата на земјите членки на ЕУ во територијата на РСМ. Посредувањето се врши врз основа на

---

[12] Извештај од Инфо сесија во с. Тумчевиште - Гостивар одржана на ден 22.09.2021 година
[13] Надоместок за загуба на плата или приходи што се обезбедува врз основа на осигурување во случај на невработеност определен со ЗВОВН.
[14] Решение за пристап до информации од јавен карактер заведено под бр. 03-2169/2 од 17.10.2022 година донесено од страна на Агенција за вработување на Република Северна Македонија:
АВРСМ е само сервис преку кој се врши одјава/пријава во/од задолжително социјално осигурување по основ на заснован работен однос (М1/М2) врз основа на доставена документација од работодавач.

билатерален договор меѓу службите надлежни за посредување за вработување односно спогодба или врз основа на потпишан договор меѓу агенцијата и работодавачот кај кого ќе биде упатено лицето за вработување. Пред упатување на лице на работа во странство, АВРСМ со лицето потпишува договор во кој се утврдуваат меѓусебните права и обврски во врска со упатувањето и работата во странство.Лицето кое се упатува на работа во странство има право на надоместок за неисполнетите обврски од страна на работодавачот, согласно со договорот за вработување склучен меѓу лицето и работодавачот. Имајќи го предвид горенаведеното, лицата кои сакаат да обавуваат сезонска работа во странство не се информирани дека таква надлежност има самата АВРСМ . [15]

Барајќи можност за повисока заработка со цел обезбедување на финансиска егзистенција, младите од нашата држава многу често заминуваат да работат во земјите членки на ЕУ. Најголем ризик при аплицирање на сезонска работа во странство носат различните јавни повици за ангажирање на сезонски работници во странство под кои може да се крие сериозна опасност за подведување работници во вклучување во присилна работа. Државјани на РСМ и странци кои транзитираат низ РСМ се под голем ризик да станат предмет на сексуална експлоатација и принудна работа во областа на градежништвото и земјоделските сектори во регионите на јужна, централна и западна Европа.[16]

Видно од наводите по спроведените инфо сесии се споделија искуства од аплицирање за сезонска работа во странство. Кога нашите граѓани се договараат за обавување сезонска работа во странство, контактот со лицето (посредникот) најчесто се врши телефонски или преку социјални мрежи, преку кои се договараат за условите за вршење на сезонска работа, додека пак договорите за сезонска работа ( доколку воопшто ги има) ги потпишуваат откако ќе пристигнат во државата каде што треба да ја вршат сезонската работа на јазик сосема неразбирлив за сезонскиот работник.

***„ ...Мојата сестра аплицираше за работа во земјоделството во странство, но кога пристигна таму не беше тоа што и го ветуваа и не беа исти условите што и ги кажуваа пред да замине на сезонска работа....“***[17]

Согласно **Законот за вработување и работа на странци (ЗВРС),** АВРСМ е надлежна за издавање на позитивно мислење по поднесено барање за одобрување на привремен престој заради сезонско вработување. Странец во РСМ може да работи врз основа на решение за привремен престој заради работа. Долгата административна постапка во случаи на итност, ги одвраќа земјоделците, но и самите странци-сезонски работници да склучуваат договори за сезонска работа и поради тоа, најчесто странците од пограничните места влегуваат во нашата држава по легален пат и имаат дозволен престој во државата 90 дена. За време на престојот во државата, овие лица вршат де факто сезонска работа која никаде не е пријавена. Оттука, поради тоа што овие лица настојуваат да работат надвор од законската рамка, истите многу лесно можат да станат жртви на трговија со луѓе.

[15] Информација добиена по одржана инфо сесија во Струмица на ден 25.10.2021 година
[16] USA Department of State, Trafficking in persons, July 2022: https://www.state.gov/wp-content/uploads/2022/08/22-00757-TIP-REPORT_072822-inaccessible.pdf
[17] Извештај од инфо сесија во Струмица одржана на ден 25.10.2021 година

Олеснителна околност во овој контекст би значела отвореноста на пазарот на трудот преку Отворен Балкан за миграција на работници помеѓу Р.Албанија, Р.Србија и Р.С.Македонија и вршење на сезонски работи без работни дозволи и без дополнителни административни пречки бидејќи во одредени региони, нашата држава се ослонува на работната сила од пограничните места . Преку потпишаниот договор, договорните страни ќе ги поедноставаат административните постапки за влез, движење, престој и работа на граѓаните, при што секоја државата треба да гарантира дека сите ќе имаат еднаков пристап на работа без разлика од која земја потписничка доаѓаат. Странецот ќе може да престојува во една од земјите потписнички до две години со можност за продолжување и нема да биде потребно странецот да добие работна дозвола и дозвола за престој во земјата што го прима за работа.

**Кривичниот законик (КЗ)** во кривичното дело Трговија со луѓе предвидено во член 418-а и кривичното дело Трговија со дете согласно член 418-г ги наведува сите форми на експолоатација, а говорејќи за сезонските работници, тие најчесто се соочуваат со принудната работа, но и со сексуалната експолоатација. При вршење на сезонска работа најчесто доаѓаат цели семејства при што постои и искористување на детскиот труд. Кога веќе зборуваме и за самата дефиниција за присилната работа, од особена важност е да потенцираме дека терминот ,, експлоатација’’ не е дефиниран ниту во трудовото законодавство ниту пак во кривичниот законик. Експлоатација е спомната како дел од законското битие на кривичното дело Трговија со луѓе член 418-а и трговија со дете 418-г но самиот поим за тоа што значи експлоатација како значење на израз во законските одредби не е споменато а е потребно со цел да се избегне недоследност во правното толкување. Отсуството на јасна дефиниција за „експлоатација“ го отежнува повлекувањето на линијата помеѓу експлоатација во смисла на прекршување на работничките права и екстремна експлоатација која изнесува присилна работа.[18]

**Законот за меѓународна и привремена заштита (ЗМПЗ)** предвидува барателите на азил да работат само во рамките на ПЦ или друго место за сместување определено од Министерството за труд и социјална политика (во понатамошниот текст МТСП) и право на слободен пристап до пазарот на труд за барател на право на азил за чие барање не е донесена одлука од страна на Секторот за азил во период не подолг од девет месеци по поднесувањето на барањето[19]. Законот за вработување и работа на странци му дава можност на странец слободен пристап до пазарот на трудот преку издавање работна дозвола, а барањето може да се поднесе од страна на странец и од страна на барател на азил.[20]

Од одржаната инфо сесија во ТЦ Винојуг, како главен проблем од барателите на азил беше потенцирана неможноста оваа категорија на лица активно да биде вклучена во пазарот на трудот. [21] АВРСМ смета дека не постои можност лицата баратели на азил да бидат и официјално дел од работната сила во нашата држава и да имаат пристап до пазарот на трудот поради не поседување матичен број. Иако во пракса, Секторот за азил постапува согласно законски предвидениот рок, сепак доколку од страна на МВР-Секторот за азил се донесе негативно решение и се поведе управна постапка против негативното решение со кое му се одбива правото на азил, овие лица се оставаат под висок ризик да станат жртви на трудова експолоатација и принудна работа Според податоците со кои располага МЗМП преку УНХЦР за 2021 година се поднесени

[18] Council of Europe , Labour trafficking in North Macedonia: risks factors, trends, and challenges https://rm.coe.int/report-labour-trafficking-north-macedonia-2022/1680a81842
[19] Закон за меѓународна и привремена заштита ( Службен весник на РСМ бр. 64/2018) од 11.04.2018.
[20] Закон за вработување и работа на странци („Службен весник на Република Македонија“ бр. 217/2015 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 163/2021).
[21] Инфо сесија со баратели на азил во Прифатниот Центар за баратели на азил во Визбегово- одржана на ден 13.05.2022 година.

вкупно 95 барања за азил, а во 2022 година се поднесени 122 барања за азил[22]. За временски период од две години, поднесени се три барања за баратели на азил кои ги исполнуваа законските услови да имаат слободен пристап до пазарот на трудот, но од страна на АВРСМ на барателите на азил не им беше остварено ова право од причина што не поседуваат матичен број и не постои начин како би биле евидентирани во АВРСМ како баратели на работа.

Оставени без решение за регулирање на нивното вклучување во пазарот на трудот, барателите на азил се во состојба да бидат дел од работната сила во неформалната економија, а дополнително како отежнувачка околност е непознавањето на јазикот во нашата држава што ги чини особено ранливи при ,,договарање'' на работни услови, дневница, право на дневен одмор итн.

## ИНСТИТУЦИОНАЛНА РАМКА

Феноменот на трговија со луѓе низ историјата има различни облици и различен обем и затоа од овие причини и пристапот како на еден глобален проблем мора да биде заснован на меѓународна соработка и размена на најдобри меѓународни практики и искуства. Многу е тенка линијата помеѓу она што претставува грубо прекршување на правата од работен однос и трудовата експлоатација од аспект на трговијата со луѓе затоа што трудовата експлоатација претставува нелегално, брутално искористување на човековиот труд сфатен во поширока смисла не само мануелен и интелектуален туку и сите знаења и вештини и таквото прекршување значи и прекршување и изигрување на прописите од областа на работните односи со што се создава илегален пазар на трудот а со тоа се потхранува и сивата економија.[23]

Идентификацијата на потенцијални/ жртви на трговија со луѓе е процес на соработка помеѓу властите и релевантните организации за поддршка.[24] Согласно постојното законодавство, во справувањето со трговијата со луѓе и илегалната миграција постои координирана надлежност на повеќе институции од страна на Националната Комисија за борба против трговијата со луѓе и илегалната миграција.[25] Врз основа на препораките од страна на ГРЕТА, во 2009 година во нашата држава е иституционализирана и канцеларијата на националниот механизам за упатување[26]( во понатамошниот текст НМУ) кој функционира во рамките на МТСП. НМУ остварува институционална сорабока и со засегнати страни во процесот на превенција, идентификација, поддршка и заштита на жртвите на трговијата со луѓе, особено децата.

Борбата против трговијата со луѓе со цел трудова експлоатација бара координирана и постојана соработка помеѓу институциите, граѓанското општество , синдикатите и приватниот сектор. Во однос на истакнување на меѓуинституцинална соработка се потенцира важноста на склучените меморандуми меѓу МВР и Републичкото јавно обвинителство врз основа на кој е формирана Националната единица за борба против трговија со луѓе и илегална миграција, склучениот меморандум помеѓу МВР и МТСП врз основа на кој се формирани мобилните тимови кои работат со ранливи категории на лица вклучително и жртви на трговија

[22] Евиденција согласно податоците на Македонското здружение на млади правници заклучно до 07.10.2022.
[23] Заклучоци и наоди истакнати на конференција на тема: ,,Борбата против трговијата со луѓе преку институционални и вонинституционални механизми'' одржана на 18.11.2022 година.
[24] Член 10 од Конвенцијата за трговија со луѓе.
[25] Во 2001 година е формирана Националната комисија борба против трговија со луѓе која презема мерки во функција на подобрување и поефикасно откривање на сторителите на трговија со луѓе и нивно изнестување пред лицето на правдата. Националната комисија има интеринституционален состав односно во нејзината работа се вклучени претставници од МВР, МТСП,МОН, МЗ, МНР, ДИТ, АВРСМ, ЈОРСМ, и Судовите.
[26] Улогата на НМУ е да обезбеди адекватна идентификација, упатување, првична помош и заштита, засновани врз меѓународните стандарди за човекови права за жртви на трговијата со луѓе, особено на деца жртви на трговија со луѓе и без оглед на националноста, етничката припадност, возраста или полот.

со луѓе[27] како и склучениот меморандум меѓу МВР и Државниот инспекторат за труд ( во понатамошниот текст : ДИТ) [28]

Со склучениот меморандум за соработка, ДИТ во соработка до МВР ќе ги врши сите инспекциски надзори во ризичните дејности каде што најчесто се утврдени прекршувања. Работниците не стануваат принудни работици веднаш. Работодавачите често пати го тестираат отпорот на работниците пред да ги притиснат во поекстремни експлоататорски ситуации.[29] И покрај досега формираните тела кои имаат надлежности да ја јакнат јавната свест во насока на превенција од трговија од луѓе но и да преземаат активности во борбата против трговијата со луѓе, како активен чинител кон индентификација на потенцијални на присилна работа е потребно да се јави и Државниот инспекторат за труд преку овластените инспектори.

## Државен инспекторат за труд

Државниот инспекторат за труд(ДИТ) претставува орган во состав на МТСП. ДИТ својата работа во моментот ја врши со ограничени човечки ресурси.[30] Покрај ограничените човечки ресурси, ДИТ својата работа ја извршува користејќи ја методологијата на проценка на ризик, насочувајќи ги своите ресурси токму во оние правни субјекти каде што според е дефиниран највисок ризик односно најголемо прекршување на правата од работен однос.




| | 2020 година | 2021 година | 2022 година ( јануари - јуни) |
|---|---|---|---|
| вкупен број на извршени инспекциски надзори | 19051 | 16213 | 8911 |
| Вкупен број на извршени надзори во областа земјоделие | 216 | 233 | 281 |

Графикон бр. 4 Извор:Податоци добиени од Државниот инспекторат за труд врз основа на поднесено барање за слободен пристап до информации од јавен карактер[31]

[27] Мобилните тимови се составени од претставници од Центрите за социјална работа, Министерството за внатрешни работи и граѓанскиот сектор.
[28] Заклучоци и наоди истакнати на конференција на тема: ,,Борбата против трговијата со луѓе преку институционални и вонинституционални механизми'' одржана на ден 18.11.2022 година
[29] Ibid.
[30] Заклучоци и наоди истакнати на конференција на тема: ,,Борбата против трговијата со луѓе преку институционални и вонинституционални механизми'' одржана на 18.11.2022 година.
[31] Доставени податоци по електронски пат, по поднесено барање за слободен пристап до информации од јавен карактер од страна на Државен инспекторат за труд од ден 10.10.2022 година.

Согласно Законот за инспекција на трудот (ЗИТ)[32] инспекторите имаат овластување во секое време на денот иноќта, да влезат во просториите на работодавецот, без претходно најавување и без оглед на работното време на работодавецот. Доколку повредата на прописот претставува прекршок или кривично дело, инспекторот е должен до надлежниот орган да поднесе барање, односно пријава за поведување на соодветна постапка( прекршочна/ кривична).

Во делот на земјоделието заради непристапноста на теренот мошне е тешко да се вршат инпекциските надзори затоа што опфаќа еден голем простор на делување.Имајќи ја предвид бројката на извршени инспекциски надзор во областа на земјоделието (Графикон бр. 4), ДИТ за последните три години, при вршење на инспекциски надзори од областа на работните односи и безбедност и здравје при работа нема затекнато потенцијални жртви на трговија со луѓе.[33]

Имајќи ги предвид законските надлежности на ДИТ[34] воочлива е потребата , ДИТ да се вклучи како активен чинител во борбата против трговијата со луѓе. Трудовите инспектори имаат директен контакт со работниците , при што може за време на вршење на инспекцискиот надзор да им обезбедат информации за помош , да ги запознаат со нивните права права што ќе доведе до рано откривање на потенцијални жртви на трговија со луѓе и нивно упатување за помош. Согласно Стандардните оперативни процедури за постапување со жртви на трговија со луѓе, ДИТ при сомневање за постоење на потенцијална жртва на трговија со луѓе, ги известува НМУ при МТСП и Националната единицата за борба против трговија со луѓе и криумчарење на мигранти при МВР кои се надлежни органи за идентификација на жртви на трговија со луѓе и водење на кривична постапка[35]

Моменталната поставеност на ДИТ во корелација со трговијата со луѓе овоможува ограничена можност на делување на трудовите инспектори. Сегашната пракса на информирање на надлежните органи се врши само со обично известување. Надлежностите на ДИТ се регулираат со Законот за инспекција на трудот [36] и Законот за инспекциски надзор(ЗИН)[37], кои закони не содржат одредби кои би значеле директна и извор на надлежност врз основа на кој инспекторите би биле поактивни чинители во процесот на откривање и сузбивање на трговијата со луѓе со цел трудова експлоатација. Оттука се согледува потребата од измена на горенаведените закони со цел да се прошират надлежностите на ДИТ со цел инспекторите во текот на спроведувањето на своите нспекциски надзори да бидат во можност, сомнежите односно индициите за постоење на сомнеж дека е сторено ова кривично дело односно дека станува збор за трудовата експолоатација од аспект на трговијата со луѓе да можат да ги нотираат во нивниот редовен или посебен записник кој веднаш би бил доставен до Основното јавно обвинителство за организиран криминал и корупција.

Со зголемување на надлежностите, пасивната улога на државните инспектори за труд би преминала во про активна улога и ваквиот начин на соработка би довел до тоа. доколку во постапката постои сомнеж за

---

[32] Закон за инспекцијата на труд („Службен весник на Република Македонија“ бр. 35/1997, 29/2002, 36/2011, 164/2013, 44/2014, 33/2015, 147/2015 и 21/2018 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 317/2020).

[33] Одговор од Државниот инспекторат за труд по поднесено барање за слободен пристап на информации од јавен карактер.

[34] Дополнително, инспекторот вршејќи инспекциски надзор е овластен да прибира потребни информации и податоци, да зема изјави од работници, да издава усмени и писмени наредби и по потреба да побара асистенција од надлежен државен орган.

[35] Влада на РМ, Национална комисија за борба против трговија со луѓе и илегална миграција , Стандардни оперативни процедури за постапување со жртви на трговија со луѓе, 2018 година: http://nacionalnakomisija.gov.mk/wp-content/uploads/2016/12/MK-SOP.pdf

[36] Закон за инспекцијата на труд („Службен весник на Република Македонија“ бр. 35/1997, 29/2002, 36/2011, 164/2013, 44/2014, 33/2015, 147/2015 и 21/2018 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 317/2020).

[37] Закон за инспекциски надзор ( Службен весник на Република Македонија бр. 102/2019 од 22.05.2019 година

сторено кривично дело би се надминало повторното утврдување на фактите од надлежниот јавен обвинител во услови кога претходно надлежен државен орган ја утврдил одредената фактичка состојба на записник. Зголемувањето на надлежностите на ДИТ ќе доведе до зголемување на потребата од вработување на трудови инспектори, но и до потребата да се зајакнат капацитетите на постојните трудови инспектори со цел препознавање на индикаторите поврзани со трговијата со луѓе.

Инспекторите на труд немаат овластување да постапуваат во области како домашната работа, слугувањето, малите семејни земјоделски единици, и со нивното исклучување предвидено во Законот за забрана и спречување и забрана за вршење на нерегистрирана дејност[38] се овозможува потенцијалните жртви на трудова експлоатација да не бидат соодветно откриени и дополнително процесирани. [39]

Имајќи ја предвид моменталната положба на сезонските работници, нивниот ризик од трудова експлоатација и превенција од трговијата со луѓе, ДИТ во соработка со МТСП ги согледаа добрите практики и изработениот модел за ангажирање на сезонските работници во Р.Србија. Како резултат на потребата од подобрување на положбата на сезонските работници, во тек е изготвување на нов закон кој ќе ја регулира положбата на сезонските работници во делот на нивното евидентирање и постапките за вработување на сезонски работници. Со оглед на времетраењето на работата имајќи предвид дека станува збор за краткотрајна работа во која што најчесто работниците остануваат непријавени и завлегуваат во сивата зона на неформалната економија ќе се воведе принцип на директно евидентирање во системот за задолжителни придонеси од пензиско, инвалидско, здравствено и социјално осигурување без формалности на склучување на писмени договори и објавување на огласи. [40]

## Стопанската комора, синдикатите, земјоделските задруги и невладините организации за борба против трговијата со луѓе

Стопанската комора преку своите членови[41], може активно да придонесе кон превенција и спречување на трговијата со луѓе со цел трудова експлоатација, но и зголемување на свеста на работодавачите за сериозноста на трудовата експлоатација која може да прерасне во трговија со луѓе. Трговијата со луѓе претставува ризик за бизнис заедницата меѓу деловните партнери, вклучувајќи ги и активностите на приватните агенции за вработување. Кога станува збор за сезонската работа треба да се потенцира дека не секогаш работодавачот е запознат за условите под кои лицата се ангажирани да работат кај него. Неретко, меѓу него и самиот работник посредуваат трети лица т.н трудови претприемачи, кои често имаат и улога на надзорници на работата на работниците, но ова не смее и не го ослободува работодавачот од одговорност доколку некое лице биде трудово експлоатирано и стане жртва на трговија со луѓе.[42]

Од особено значење се активностите кои може да се преземат на ниво на компанија и индустрија, на национално, регионално меѓутоа и на меѓународно ниво во борбата против трговијата со луѓе. Компаниите можат да бидат погодени од трговијата со луѓе на различни начини. Може директно да се поврзат со

---

[38] Закон за забрана и спречување и забрана за вршење на регистрирана дејност (Службен Весник на РСМ бр. 199/2014)
[39] Меѓународна организација за миграции (ИОМ), Министерство за труд и социјална политика, Државен инспекторат за труд, Прирачник за рано откривање на случаеви на трговија со луѓе за трудови инспектори , јули 2010 година
[40] Заклучоци и наоди истакнати на конференција на тема: ,,Борбата против трговијата со луѓе преку институционални и вонинституционални механизми'' одржана на ден 18.11.2022 година
[41] Во Комората членуваат физички лица - трговски поединци и правни лица, запишани во Трговскиот регистар и Регистарот на други правни лица со седиште во Република Северна Македонија, кои вршат трговска дејност и други субјекти запишани во Регистарот со седиште во Република Северна Македонија, кои со својата дејност придонесуваат за унапредување на работењето на стопанството
[42] Заклучоци и наоди истакнати на конференција на тема: ,,Борбата против трговијата со луѓе преку институционални и вонинституционални механизми'' одржана на ден 18.11.2022 година

практиката на регрутирање, транспорт, засолниште или примање на лице за целта на експлоатација (со други зборови, жртви на трговија со луѓе). Приватните субјекти може да бидат вмешани во трговија со луѓе доколку нивните простории, производите или услуги се користат од трговците со луѓе за остварување на експлоатацијата.

Трговијата со луѓе е значаен ризик за приватниот сектор, каде што жртвите се вовлечени под контрола на трговците со луѓе во обид да добијат некаква форма на вработување или работен ангажман. Приватниот сектор може да игра улога на спречувач, борец и но активен актер во превенцијата на трговијата со луѓе . Поради оваа причина, приватните компании имаат корпоративна одговорност да ги почитуваат човековите права. Со цел да превенира трговијата со луѓе со цел трудова експлоатација секогаш треба детално да се проверуваат огласите или понудите за работа па дури и да се остварат консултации со соодветните ресорски или гранкови синдикати. Во однос на зајакнување на соработката со здруженијата на граѓани формирано е оперативно тело[43] кое од оваа година ја започна својата работа и веќе има идентификувано неколку жртви на трговија со луѓе. Ова оперативно тело е формирано за идентификација и следење на случаи со трговија со луѓе започнувајќи од формалната идентификација до целосна рехабилитација и ресоцијализација на жртвата и следење на целиот процес во однос на постапувањето на надлежните органи на прогон и судските постапки.

Во текот на 2022 година се воочи добар пример на остварена меѓународна соработка помеѓу Синдикатот за угостителство и туризам во РСМ и Синдикатот за туризам и услуги во Р. Хрватства во врска со пријавен случај при вршење на сезонска работа на македонски државјани во Р. Хрватска.[44]Што било договорено помеѓу лицето што ги најмило двајцата работници и работниците:

| ШТО БИЛО ДОГОВОРЕНО? | ШТО СЕ СЛУЧИЛО? |
|---|---|
| Работни ангажман во фабрика за преработка на месо за извршување работни задачи за солење на сланина; | Работни активности на лента на колење и работа во замрзнувач на температура од -20; |
| Во договорот било наведено дека превозот од местото на сместување до местото каде што требало да се изврши работата и сместувањето се подмирени од страна на работодавачот; | Трошоците за превоз од местото на сместување до местото на работата не биле покриени. Местото на сместување до работното место било оддалечено 7км. Дополнително им било кажано дека треба да платат сметки за струја и вода; |
| Договорени 40 часа работно време во неделата; | Врачување отказ за недоаѓање на работа (два дена) по веќе одработени 40 часа; |
| Договорена бруто плата во одреден износ; | Друг износ на платата со дополнителни трошоци на товар на работниците; |

Со остварената соработка помеѓу синдикатите, на двајцата работници од Македонија им биле обезбедени работни дозволи и им биле понудени други работни места во хотел во близина на Пунта Скали во Задар. Во врска со конкретниот случај, не постојат информации во однос на тоа дали настанот е пријавен во надлежните институции но работниците не се идентификувани како потенцијални жртви на трговија со луѓе. Покрај помошта која им била понудена од страна на македонскиот синдикат, до синдикатот побарале помош уште три македонски државјанки кои решиле да побараат помош преку двата синдикати. Меѓународната соработка на синдикатите при пријави за прекршувања на работните права на работниците при вршење на

[43] Оперативното тело го сочинуваат полициските службеници од Националната единица при МВР, претставници од Националниот механизам за упатување, претставници од јавното обвинителство за организиран криминал и корупција како и претставници од граѓанското здружение Отворена порта ла страда
[44] http://bitly.ws/vA5F

сезонска работа во странство е од особено значаење имајќи го предвид фактот дека кога најчесто како посредник се јавува физичко лице, работните услови не се секогаш онакви какви што биле претходно договорени при што во такви случаи шансите дека нема да постои официјален договор за вработување се големи.При вакви измами особено е значајна улогата на Синдикатите , но и на Стопанската Комора да се изнајде начин како би можела да се обезбеди дополнителна заштита на македонски сезонски работници во државата но во странство како и да се воспостави систем на известување помеѓу стопанските комори/синдикатите од една страна како и Државниот инспекторат за труд но и Министерството за внатрешни работи од друга страна во случаи кога постојат индикатори кои укажуваат дека одредени сезонски работници може да се идентификуваат како потенцијални жртви на трговија со луѓе со цел трудова експлоатација.

## ПРЕСТОЈУВАЊЕ НА СЕЗОНСКИТЕ РАБОТНИЦИ ВО СУПСТАНДАРДНИ УСЛОВИ ЗА ВРЕМЕ НА ВРШЕЊЕ НА СЕЗОНСКАТА РАБОТА

Согласно изјавите на учесниците присутни на одржаните инфо сесии се доби информација дека сезонските работници кои се ангажирани во областа на земјоделството без разлика дали станува збор за работници ангажирани од други градови во рамките на границите на нашата држава или мигранти за време на извршување на сезонската работа живеат во супстандарни услови. Од наодите добиени од одржана инфо сесија во земјоделци во Кавадарци, се дојде до заклучок дека најчесто како работна сила за извршување на земјоделски работи во екот на сезоната се ангажираат работници од ромска етничка припадност, од целата држава, кои со организиран превоз пристигнуваат до местото каде што треба да ја извршуваат работата. Сезонските работници, за време на извршување на сезонската работа живеат во супстандардни услови, на самото место каде што ја извршуваат работата- на нива во шатори .

Во областите каде што постои потреба од ангажирање на сезонска работа постојат т.н економии на гето, што се карактеризираат со живеалишта слични на сиромашни квартови каде што работниците мигранти живеат одделени од локалното население. [45]Од инфо сесијата одржана во Неготино, од страна на луѓето што доаѓаат од сите краеви на земјата , па и од регионот за време на гроздоберот имаат дури и својата населба во градот. Што се однесува до ангажирањето на сезонските работници од странство, тие најчесто доаѓаат во нашата држава за сезонска работа поради блиската географска оддалеченост од околните држави. Вршење на сезонската работа на странци во нашата држава е воочливо во југо-западниот дел на државата односно во Ресен за време на јаболкоберот. Престојуваат во приватни сместувања за кое сместување треба дополнително да одвојат финансиски средства. Од таа причина во една соба престојуваат и повеќе лица се додека не се заврши работата за која се ангажирани.

Сместувањето на сезонските работници треба да обезбедува соодветен животен стандард. Кога сместувањето е договорено од страна на работодавачот, месечниот издаток не треба да биде преголем во споредба со нето износот на сезонскиот работник, а финансискиот месечен издаток на име закуп не треба автоматски да се одзема од платата на работникот. Сместувањето на лицата во супстандардни услови за време на извршувањето на сезонската работа, заедно со другите елементи како на пример: одземање на патни исправи, ограничување на слобода на движење, обезбедување на многу мал надомест за

[45] Council of Europe , Labour trafficking in North Macedonia: risks factors, trends, and challenges https://rm.coe.int/report-labour-trafficking-north-macedonia-2022/1680a81842

сработеното, може да биде индикатор дека работодавецот ја злоупотребува својата моќ и ги става работниците во состојба на подреденост. Со тоа и покрај тоа што кај нив постои согласност за вршење на сезонската работа, сместувањето во супстандардни услови е индикатор дека истите може да бидат и трудово експлоатирани.

## ДОБРА РЕГИОНАЛНА ПРАКСА ПРИ АНГАЖИРАЊЕ НА СЕЗОНСКА РАБОТА

Република Србија соочувајќи се со темната бројка на сезонски работници во 2018 година донесе посебен закон за регулирање на сезонската работа познат како Закон за поедноставување на работното ангажирање на сезонските работи во одредени дејности.[46] Со овој закон се регулираат дејностите во кои може да се ангажираат сезонските работници под поедноставни услови, се поедноставува постапката за пријавување и одјавување на сезонските работници, се регулира начинот на плаќање на даноци и придонеси , правата и обрските на работникот и на работодавачот и се олеснуваат условите за работно ангажирање на странци како сезонски работници. Со поедноставувањето на условите за ангажирање на сезонските работници, бројот на легално ангажирани сезонски работници пораснал за повеќе од десет пати, се намалила стапката на работа на сезонски работници во неформалната екомија за 37% а буџетските приходи се зголемиле на 4 милиони евра[47].

**РАБОТОДАВАЧ**

- Може да биде претприемач правно лице или физичко лице член на семејно стопанство што се занимава со земјоделсгво;
- Работодавачот го пријавува странецето како сезонски работник без работна дозвола ( потребна е само пријава во надлежна полициска станица преку која работникот добива матичен број за странци);
- Овозможување безбедност и здравје при работа;
- Има обврска за плаќање на придонеси и даноци без оглед на висина на дневниот надомест и работното време;
- Работодавачиte кои поседуваат ЕДБ не се обврзани да се пријават за вработување сезонски работници. Работодавачите кои не се обврзани да поседуваат ЕДБ должни да се пријават во Даночната управа за вработување сезонски работници
- Може да ангажира сезонски работник најмногу до 180 дена во текот на календарската година
- Може да ангажира ист сезонски работник најмногу до 120 дена во една календарска година

**РАБОТНИК**

- Односот меѓу работник и работодавач се регулира со усен договор;
- Работникот добива надомест по работен час врз основа на придонеси и даноци најмалку во износ на минимална плата ;
- Сезонскиот работник не се брише од евиденцијата на невработени лица;
- Не се прекинува паричниот надоместок во случај на привремена невработеност;
- Право на здравствено осигурување, сезонскиот работник има само во случај на повреда на работа и професионални заболувања;
- Сезонските работници имаат право на пензиско и инвалидско осигурување;
- Сезонска работа се смета како работна надвор од работен однос;
- ПСезонските работници имаат право на дневен одмор од најмалку 30минути , а работно време не смее да биде подолго од 12 часа дневно;
- По работниот ангажман од 120 дена, работникот може да продолжи да работи сезонски работи кај друг работодавач;

**ИНСТИТУЦИИ**

- Пријава и одјава на сезонски работници се врши електронски преку даночната управа;
- Агенцијата за вработување по службена должност води електронска евиденција на сезонски работници врз основа на размена на податоци со Даночната управа;
- Во евиденцијата на Агенцијата за вработување може да се запишат и лица кои се заинтересирани за вршење на сезонска работа;
- Вработувањето на сезонските работници го контролира Даночната управа, Земјоделската инспекција и Трудовата инспекција секој согласно своите надвлежности

[46] ЗАКОН о поједностављеном радном ангажовању на сезонским пословима у одређеним делатностима "Службени гласник РС", број 50 од 29. 06. 2018.
[47] https://www.youtube.com/watch?v=yYBPW9WDP4E&t=1s

Извор: Регулирање на сезонската работа во Република Србија[48]

## ЗАКЛУЧОЦИ

| |
|---|
| ⇨ Ангажираните сезонски работници во нашата државата се особено ранлива категорија на лица, а се под висок ризик од експлоатација имајќи ја предвид праксата на земјоделците да ангажираат работна сила без почитување на законските одредби за формално склучување на договори на определено време за вршење на сезонска работа. Без формално склучување на договори за вршење на сезонска работа, сезонските работници се под ризик да работат многу повеќе часови од она што е првично договорено, да не им се исплатени прекувремените изработените часови, да не се воопшто платени за изработената работа како и да бидат принудувани да дадат и други услуги за време на работниот ден. |
| ⇨ Не постојат посебни договори за вршење на сезонска работа, туку станува збор за договори на определено време за вршење на сезонска работа како вид на вработување на сезонските работници. |
| ⇨ Сезонската работа не е доволно регулирана во Законот за работните односи односно отсуствуваат одредби за детално уредување на сезонската работа преку кои ќе се зајакне заштитата на сезонскиот работник од трудова експлоатација. |
| ⇨ Голем е бројот на сезонските работници кои вршат сезонската работа врз основа на склучен усмен договор со „работодавач'' со што се доведуваат до неможност да ги остваруваат правата од работен однос согласно Законот за работни односи, а следствено на тоа се ставаат во состојба на ризик и ранливост да постанат жртви на трудова експлоатација но и други видови на ескплоатација како сексуалната експлоатација. |
| ⇨ Не постои јасна дефиниција за тоа што се подразбира под терминот „експлоатација'' наведен во кривичните дела Трговија со луѓе и кривичното дело Трговија со дете. |
| ⇨ Многу ретко, но има и случаи кога сезонските работници склучуваат договори за дело за извршување на сезонска работа. Имајќи го предвид ова, се изигруваат законските одредби од ЗРО и се пребегнува кон користење на договори за дело како дел од облигационите односи. Врз основа на вака склучените договори, работодавачите се ослободени од дополнителниот трошок за плаќање на придонеси во фондовите за здравствено, социјално, пензиско и инвалидско осигурување а обврзани се само на плаќање на данок на доход во висина од 11.11%. Со тоа, сезонските работници се ставени во понеповолна положба во однос на заштитата која би ја добиле согласно Законот за работните односи. |
| ⇨ ЗРО не дозволува лица кои се во редовен работен однос да бидат ангажирани како сезонски работници и следствено на тоа со самото ангажирање на работник за вршење на сезонска работа, работникот се брише од евиденцијата на невработени лица. |
| ⇨ Паричниот надоместок во случај на невработеност се запира бидејќи сезонскиот работник е должен да склучи договор за определено време за вршење на сезонска работа. По отстранување на таа причина, истиот се исплаќа за преостанатото време. |
| ⇨ Државниот инспекторат за труд согласно Законот за инспекциски надзор и стандардните оперативни процедури е должен при вршење на инспекцискиот надзор при сомневање за постоење на потенцијална жртва на трговија со луѓе да ги извести НМУ при МТСП и Националната единица за борба против трговија |

[48] NALED, 2019, Vodic za elektronsku prijavu sezonskih radnika u poljoprivredi

| | |
|---|---|
| | со луѓе и криумчарење мигранти при МВР. Согласно прибавените податоци, за последните три години , ДИТ нема евидентирано потенцијални жртви на трговија со луѓе. |
| | |
| ⇨ | Постојното законодавство не предвидува овластувања на Државниот инспекторат за труд активно да се вклучи во спречување на трудовата експлоатација и трговијата со луѓе. Државниот инспекторат за труд се соочува со ограничувачки човечки ресурси наспроти големиот број на економски субјекти кои се предмет на надзор. |
| ⇨ | Постојат наводи во врска со сместување на сезонските работници во нехумани и супстрандарни услови, како и нивно престојување во шатори на местото каде што ја извршуваат сезонската работа што е деградирачко и понижувачко и претставува индикатор за нивна трудова експлоатација. |
| ⇨ | Не се практикува административната постапка за добивање дозвола за работа во РСМ за странци – сезонски работници. Во оваа насока, странците , најчесто од подраничните места , влегуваат на територијата на РСМ во својство на странци кои имаат законски престој од 90 дена и за време на нивниот престој вршат непријавена сезонска работа. |
| ⇨ | Барателите на азил не се во можност активно да се вклучат на пазарот на трудот, и покрај законската можност која ја имаат поради проблеми во врска со издавање на нивни матичен број за странец. |
| ⇨ | Не постои детално регулирање на начинот на миграцијата на сезонските работници во рамките на државите од Отворен Балкан. |
| ⇨ | Во тек е донесување на нов закон за подобрување на правната положба на сезонските работници, нивно евидентирање во системите на задолжително здравстрвено, пензиско социјално и инвалидско осигурување преку кој систем би се превенирала трудова експлоатација и евентуалното случување на трговијата со луѓе; |

## ПРЕПОРАКИ

| | |
|---|---|
| ⇨ | Потребно е да се донесе посебен закон за вршење на сезонска работа кој ќе ги опфати само сезонските работници за работа во оние области/ сектори каде што постои потреба од ангажирање на сезонска работа. Донесениот закон за поедноставување на работното ангажирање на сезонските работи во одредени дејности во Р.Србија треба да се земе предвид како добра регионална пракса што ќе доведе до зголемување на бројот на легално ангажирање на сезонските работници, ќе се намали стапката на работа на сезонски работници во неформалната економија а сето тоа ќе доведе до зголемување на буџетските приходи. |
| ⇨ | До донесување на новиот закон за подобрување на положбата на сезонските работници, ангажманот на сезонските работници мора да биде спроведен согласно ЗРО со цел обезбедување на поголема заштита на сезонските работници кои се во ризик од трудова експлоатација. |
| ⇨ | Потребно е сеопфатна формулација за тоа што се подразбира под терминот ,, експлоатација''. Сеопфатното дефинирање има за цел да се избегне недоследност во правното толкување и да не доведе во невоеднаначена судска пракса. |
| ⇨ | Да се зголемат законските надлежности на Државниот инспекторат за труд преку измена на Законот на инспекција на трудот и Законот за инспекциски надзор. |
| ⇨ | Зголемувањето на законските надлежности ќе доведе и до зголемување на потребата од вработување на дополнителни човечки ресурси имајќи предвид дека во моментот,согласно постојните законски |

надлежности на ДИТ , истиот се соочува со недостиг на инспектори наспроти големиот број на економски субјекти предмет на инспекциски надзор.

- ⇨ Да се спроведуваат редовни обуки за зајакнување на капацитетите на инспекторите за препознавање на индикаторите за трудова експолатација и рана идентификација на потенцијални жртви на трговија со луѓе.
- ⇨ Се потенцира важноста на воспоставување на меѓуинституционална соработка, про активно вклучување на Стопанската комора и синдикатите како значајни актери  кои може активно да придонесат кон зголемување на свеста за трговијата со луѓе и превенција на ризикот од трудова експлоатација како на страната на приватните бизниси така и на страната на работодавачите.
- ⇨ Агенцијата за вработување на РСМ потребно е да води посебен регистер и евиденција за сезонски работници со што би се олеснило вмрежувањето при постоење на потреба од сезонски работници од една страна и побарувачка на сезоски работници од друга страна  како и да предвиди мерки за субвенционирање за вработување на сезонски работници.
- ⇨ АВРСМ да ги поучи и во писмена форма да им даде информација на сезонските работници кои доаѓаат од странство за нивните права и обврски согласно постојното законодавство како и каде да пријават нерегуларности кои произлегуваат од воспоставениот работен однос.
- ⇨ Во тек на подготовка е измена на Законот за матичен број со цел да се излезе во пресрет на бегалците кои биле со статус на привремена заштита во државата, а со тоа и потребата од доделување на матичен број со цел да ги остварат своите права (право на вработување, здравствена заштита итн).
- ⇨ Потребно е навремено да се уреди миграцијата предвидена во рамките на Отворен Балкан со цел вршење на сезонска работа. Дополнително, да се направи истражување од една страна за недостиг на работници со одредени квалификации за вршење на сезонска работа, а од друга страна за постоење на сезонски работници во сектори каде што постои поголема понуда за работна сила.
- ⇨ Да се спроведуваат редовни информативни сесии за земјоделците кои сакаат да ангажираат сезонски работници со цел нивно информирање за обврската за пријавување на работниците согласно ЗРО.
- ⇨ Државата  да ги вклучи сезонските работници во Оперативниот план за активни програми и мерки за вработување и услуги на пазарот на трудот  преку креирање на поволни услови за нивно вработување и да обезбеди субвенции за земјоделците кои ќе ги пријавуваат своите сезонски работници согласно ЗРО, со цел зајакнување на заштитата на сезонските работници како и нивно поттикнување за редовно подмирување на законските обврски за придонеси во фондовите за здравствено, социјално,  пензиско и инвалидско осигурување.
- ⇨ Работното ангажирање на сезонските работници да се смета како работа надвор од работен однос и да се дозволи вработените да бидат ангажирани за вршење на сезонска работа.
- ⇨ Да бидат  јавно и лесно достапни сите потребни информаци во врска со документи за апликација и издавање на работна дозвола како и информации за влез и престој за странците кои сакаат да работат во РСМ. Поставувањето на овие информации на веб страницата на МВР но и лесното дистрибуирање на информациите до индивидуалните земјоделци кои имаат потреба од ангажирање на сезонски работници од странство.
- ⇨ Да се олеснат условите под кои странците може да добијат работна дозвола за вршење на сезонска работа или предлог воопшто да не се вади работна дозвола туку само странецот да го пријави своето престојувалиште и да ја наведе целта поради која престојува во државата согледувајќи ја добрата регионална пракса од Р.Србија.